**Седум нови проекти за Пелагонија!**

Проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија“ иако е на половина пат до конечна реализација може да се пофали со видливи резултати!

Младите со поддршка од Про Локал и Амбасадата на Кралството на Холандија во земјава како и во партнерство со пелагониските општини и 9 локални организации ги претворија своите идеи за унапредување на локалните заедници во конкретни проекти!

Имено, до крајот на септември оваа година, во Пелагонија, со дополнителна финансиска поддршка од проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија“ ќе бидат отворени две „Фитнес Зони“ за рекреација на отворено, во Могила и Новаци, ќе бидат уредени 2 паркови во Демир Хисар и Кривогаштани, ќе биде уредено спортското игралиште во Лажани, општина Долнени, ќе биде опремено „Кино на отворено“ во Крушево, а во Преспа ќе се формира „Младински Хаб“ за промоција на туризмот.

Интензивните и партиципативни работилници, дебати и игри за мотивација се само дел од алатките преку кои проектот ги обучува младите за активно учество во креирање на политиките на локално ниво. Целта е младите да осознаат преку практични примери, преку учество во работењето на општините и Советите, како нивните идеи можат да бидат реализирани.

Во изминатате шест месеци се одржаа шест работилници, од вкупно дванаесет, на теми кои ги опфаќаат дванаесеете принципи на доброто владеење, а исто така се оджаа и две мотивациски дебати, од вкупно три предвидени за овој проект.